# ПРАШАЊА И ОДГОВОРИ ЗА ПРИМЕНАТА НА ОДЛУКАТА ЗА НАЧИНОТ НА КОЈ РЕЗИДЕНТИТЕ ОТВОРААТ ДЕВИЗНИ СМЕТКИ И ОДЛУКАТА ЗА НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА ЗА ОТВОРАЊЕ И ЗАТВОРАЊЕ ТРАНСАКЦИСКИ СМЕТКИ

## ПРАШАЊЕ

Согласно со одредбите од Одлуката за начинот и постапката за отворање и затворање трансакциска сметка и Одлуката за начинот на отворање девизни сметки на резиденти, при отворање на трансакциска сметка банката ги идентификува странските физички лица кои привремено престојуваат во Република Македонија, врз основа на важечка виза за престој, односно работна виза во траење од најмалку шест месеци. **Како да постапи банката во ситуација кога Министерството за внатрешни работи (во понатамошниот текст: МВР) како надлежна институција за издавање на виза за престој, од технички причини не е во можност да го издаде документот дозвола за престој (во понатамошниот текст: лична карта за странско лице)?**

## ОДГОВОР

Во врска со појаснувањето за начинот на постапување на банките при отворање/ажурирање на сметки и работење со сметките на странски лица со статус на резидент во случај кога недостасува документот важечка виза за регулиран престој во Република Македонија (лична карта за странски лица) коешто беше објавено на интернет-страницата на Народната банка на 21 јули 2017 година, беа направени дополнителни консултации и добивме подетални сугестии од Министерството за внатрешни работи за начинот на постапување кога од технички причини не се издава документот дозвола за регулиран престој во Република Македонија (лична карта за странско лице). Во продолжение Ве известуваме за нашиот став по ова прашање.

Доколку настане ситуација во која МВР од кои било причини не е во можност да го издаде документот лична карта за странско лице, но МВР ја спровело постапката на регистрација на тоа лице (има издадено решение за дозволување привремен престој, спровело фотографирање за потребите на изработка на лична карта), банката може на лицето да му отвори трансакциска сметка за резиденти (во денари и девизи). За таа цел, лицето треба да ѝ достави документ на банката (решение, потврда или сл.) за дозволување привремен престој, како и документ дека странското лице е фотографирано за издавање лична карта за странци односно потврда за прием на барањето за издавање дозвола за привремен престој, издадени од МВР. Во ваков случај, банката треба да ја провери усогласеноста на податоците наведени во патната исправа на лицето, како што се: име и презиме, број на патната исправа со податоците наведени во документот за дозволување на привремен престој.

Ова не ја солободува банката од обврската да го обезбеди потребниот документ согласно со одредбите на горенаведените одлуки. Банката и физичкото лице треба да се договорат за рокот и начинот на обезбедувањето на потребниот документ откако ќе се отвори трансакциската сметка, односно по добивањето на личната карта за странско лице издадена од МВР на РМ.

На ист начин банката постапува и во случај на ажурирање (продолжување) на документот лична карта за странско лице.

Банките се должни и натаму соодветно да ја вршат идентификацијата на клиентот и да ги применуваат одредбите од регулативата за спречување на перење пари и финансирање тероризам.